# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 30** **Год. LX** **Вторник, 11 мај 2004** **Цена на овој број е 390 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


### СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 471. | **Закон** за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства........................................... | 2 |
| 472. | **Одлука** за испраќање на сили на цивилната заштита што ги формира Република Македонија на меѓународната мултилатерална вежба во Република Бугарија............................................. | 2 |
| 473. | **Одлука** за давање согласност за промена на сопственичка структура.......... | 2 |
| 474. | **Одлука** за доделување на право на користење на недвижен имот (деловни простории)................................................ | 3 |
| 475. | **Одлука** за доделување на право на користење на недвижен имот ................... | 3 |
| 476. | **Одлука** за пренесување на право на користење на патничко моторно возило.... | 3 |
| 477. | **Одлука** за давање концесија за детални геолошки истражувања на метални минерални суровини PHELPS AND DODGE EHPLORATION CORPORATION (PDX), 2600 North Central Avenue, Phoenih, Arizona 85004-3014 USA на локалитетот во областа на с. Иловица - Струмица............................. | 3 |
| 478. | **Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина - минерална вода на „СЛОВИН ЈУГОКОКТА“ АД - Скопје на локалитетот кај с. Волково, општина Горче Петров. | 4 |
| 479. | **Одлука** за престанување и пренесување на право на користење на недвижен имот................................................ | 4 |
| 480. | **Одлука** за ослободување од плаќање на надоместоци по тарифните ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење на услугите.................................... | 4 |
| 481. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на поштенските услуги во внатрешниот поштенски сообраќај.................................. | 5 |
| 482. | **Одлука** за отворање Канцеларија за конзуларни, економски и трговски работи на Република Македонија во Република Грција, со седиште во Солун.. | 5 |
| 483. | **Решение** за разрешување од функцијата директор на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства - Скопје.................................. | 5 |
| 484. | **Решение** за разрешување од функцијата претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства - Скопје.................................................... | 5 |
| 485. | **Изменување на лиценца** под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги „ФЛАМИНГО“ Електро унион и други експорт-импорт ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб што се наоѓа на ул. „Димитар Влахов“ бр. 14, Охрид | 5 |
| 486. | **Програма** за основни геолошки истражувања за 2004 година........................... | 6 |
| 487. | **Програма** за поттикнување на развојот на земјоделството во 2004 година... | 6 |
| 488. | **Годишна програма** за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите во 2004 година................... | 8 |
| 489. | **Решение** за количествата на суров тутун во лист што ќе се произведуваат во 2004 година........................................ | 16 |
| 490. | **Дозвола** за вршење на финансиски лизинг.................................................. | 17 |
| 491. | **Решение** за издавање дозвола за понуда за откуп .............................................. | 17 |
| 492. | **Одлука** за доставување и дистрибуција на податоци за платниот промет........ | 17 |
| 493. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за добивање на дозвола за вршење на услуги брз трансфер на пари | 17 |

494. **Одлука** за измена на Одлуката за условите под кои резидентите при работењето со нерезиденти можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари........................................... 18
495. **Одлука** за Годишна сметка на Народна банка на Република Македонија за 2003 година............................................. 18
**Исправка** на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија 18
**Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец април 2004 година...................................................... 19
**Објава** за трошоците на живот за месец април 2004 година во однос на месец март 2004 година.............................. 19
**Движење** на цените на мало во Република Македонија за месец април 2004 година........................................... 19
**Меѓународни договори**........................ 1-48
**Огласен дел**............................................ 1-92

**471.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 1 од Уставот на Република Македонија, вршителот на функцијата претседател на Република Македонија и претседател на Собранието на Република Македонија, издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 мај 2004 година.

Бр. 07-1932/1
4 мај 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
Претседателот
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002 и 17/2003), во членот 10 став 2 зборот „две“ се заменува со зборот „пет“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ I
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTAT E VEÇANTA TË PJESËTARËVE TË FORCAVE TË SIGURIMIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE ANËTARËVE TË FAMILJEVE TË TYRE

Neni 1

Në Ligjin për të drejtat e veçanta të pjesëtarëve të forcave të sigurimit të Republikës së Maqedonisë dhe anëtarëve të familjeve të tyre (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 2/2002 dhe 17/2003), në nenin 10 paragrafi 2 fjala “dy” zëvendësohet me fjalën “pesë”.

Neni 2

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**472.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 7 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА СИЛИ НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА ШТО ГИ ФОРМИРА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ВЕЖБА ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

1. Со оваа одлука се испраќаат сили на цивилната заштита што ги формира Република Македонија, за учество во меѓународната мултилатерална вежба „СМЕРЕХ 04“ (во натамошниот текст: Вежбата), која ќе се одржи во периодот од 29.05. до 03.06.2004 година, во градот Кржали - Република Бугарија.

2. Вежбата се изведува на тема „Терористички напад на фабрика за производство на олово и цинк и висока брана“.

3. Вежбата ќе ги опфаќа следните содржини:
- спасување на луѓе од поплави;
- пружање на прва помош на повредени лица;
- згрижување на загрозено и настрадано население;
- деконтаминација на теренот;
- асанација на теренот.

4. На Вежбата ќе учествуваат 2 (две) одделенија за спасување и премин преку вода, со 15 (петнаесет) припадници на цивилната заштита, 1 (една) екипа за прва медицинска помош од 3 (три) припадници на цивилната заштита и 1 (еден) тим за организациски работи и поддршка во состав од 5 (пет) учесници.

5. Финансиските трошоци за учесниците на вежбата паѓаат на товар на Министерството за одбрана.

6. Подготовките и организацијата на учесниците во Вежбата ќе го изврши Министерството за одбрана.

7. По завршувањето на активностите од Вежбата Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1576/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**473.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03) и член 8 став 3 од Законот за концесии (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/02 и 24/03), Владата на Република Македонија, на предлог на Советот за радиодифузија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

1. Се дава согласност за промена на сопственичката структура на концесионерот Трговското радиодифузно друштво “Мега Радио” Шулевски ДООЕЛ Скопје, односно за пристапување на содружниците: Александар

Димитров со удел од 50%, Борче Нечовски со удел од 25% и Дејан Билески со удел од 20% од вкупниот капитал на Трговското радиодифузно друштво.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1392/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**474.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 мај 2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ (ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ)**

Член 1

На Државниот завод за геодетски работи му се доделува право на користење на недвижен имот, сопственост на Република Македонија, кој се наоѓа во Крушево на ул. "Никола Ѓурковиќ" бр. 16, во зграда на К.П. бр. 965, КО Крушево, а се состои од простории на кат 01 и тоа: ДП бр. 5, ПП бр. 3 и Х бр. 3 и простории на кат 02 и тоа: ДП бр. 6, ДП бр. 7, ДП бр. 8, ДП. бр. 9, Х бр. 5 и Х бр. 6, со вкупна корисна површина од 116м$^2$.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1005/2
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**475.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Член 1

На Државниот завод за геодетски работи му се доделува право на користење на недвижен имот сопственост на Република Македонија кој се наоѓа во Берово на ул. „Димитар Влахов" бр. 4 заведен во Поседовен лист бр. 2354 КО Берово.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1006/2
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

**476.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), а во врска со членовите 4 и 17 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО**

Член 1

Се пренесува правото на користење на патничко моторно возило марка "Застава Југо Скала 55" со регистарски бр. СК-745-КМ, број на шасија: 01055871, број на мотор: 1378249, 40 KW, работна зафатнина на моторот 1116 см$^3$, произведено во 1991 година, од досегашниот корисник Министерство за култура на новиот корисник Музеј - Гевгелија, национална установа од областа на културата.

Член 2

Примопредавањето на возилото од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за култура и Музејот - Гевгелија, во рок од петнаесет дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1188/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**477.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2002 и 24/2003) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ PHELPS AND DODGE EHPLORATION CORPORATION (PDX), 2600 NORTH CENTRAL AVENUE, PHOENIH, ARIZONA 85004-3014 USA НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВО ОБЛАСТА НА С. ИЛОВИЦА-СТРУМИЦА**

1. На PHELPS AND DODGE EHPLORATION CORPORATION (PDX), 2600 North Central Avenue, Phoenih, Arizona 85004-3014 USA се дава концесија за детални геолошки истражувања на метални минерални суровини на локалитетот во областа на с. Иловица-Струмица, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА-Х | КООРДИНАТА-У |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.594.400,00 | 7.653.000,00 |
| Т-2 | 4.596.000,00 | 7.656.000,00 |
| Т-3 | 4.590.000,00 | 7.656.000,00 |
| Т-4 | 4.590.000,00 | 7.655.000,00 |
| Т-5 | 4.592.000,00 | 7.653.000,00 |

Површината на просторот на експлоатационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува P=13,60 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1526/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**478.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛАНАТА СУРОВИНА - МИНЕРАЛНА ВОДА НА "СЛОВИН ЈУГОКОКТА" А.Д.-СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАЈ С. ВОЛКОВО, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

1. На "СЛОВИН ЈУГОКОКТА" А.Д.-Скопје, се дава концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-минерална вода на локалитетот кај с. Волково, општина Ѓорче Петров со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА-Х | КООРДИНАТА-У |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.654.000,00 | 7.528.000,00 |
| Т-2 | 4.654.000,00 | 7.528.500,00 |
| Т-3 | 4.654.500,00 | 7.528.500,00 |
| Т-4 | 4.654.500,00 | 7.528.000,00 |

Површината на просторот на експлоатационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,25 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1142/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**479.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државната сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Правото на користење на недвижен имот-објект, Куќата на Уранија, ул. "Цар Самоил" бр. 45, недвижен имот - куќа со површина од 166м$^2$ и недвижен имот-двор со површина од 77м$^2$, со К.П. бр. 16353, евидентирана во Поседовен лист бр. 10639, која се наоѓа во КО Охрид, сопственост на Република Македонија, престанува на досегашниот корисник Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и правото на користење се пренесува на Македонската академија на науките и уметностите - Скопје.

Правото на користење на недвижниот имот од став 1 на овој член се пренесува без надомест.

Член 2

Примопредавањето на недвижниот имот опишан во член 1 од Одлуката ќе се изврши меѓу Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и Македонската академија на науките и уметностите - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1187/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

**480.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ ПО ТАРИФНИТЕ СТАВКИ 1 И 2 ОД ТАРИФАТА ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 1

Се ослободуваат од плаќање надоместоци по тарифните ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење на услуги на Агенцијата за работа со блокирани сметки, правните лица чии немигрирани сметки се водеа во Агенцијата од 31.12.2001 година до 31.12.2003 година.

Член 2

Правните лица ослободени од плаќање надоместоци по тарифните ставки 1 и 2, се должни во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, да пристапат кон мигрирање на сметките кај носителите на платен промет.

Член 3

Се задолжува Управата за јавни приходи да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1460/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**481.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/03 и 40/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ ВО ВНАТРЕШНИОТ ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ**

1.Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за зголемување на цените на поштенските услуги во внатрешниот поштенски сообраќај бр. 03-14144/1 од 26.12.2003 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" ц.о. - Скопје, на седницата одржана на 26.12.2003 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-462/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

**482.**

Врз основа на член 91 од Уставот на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНЗУЛАРНИ, ЕКОНОМСКИ И ТРГОВСКИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СОЛУН**

Член 1

Република Македонија отвора Канцеларија за конзуларни, економски и трговски работи во Република Грција, со седиште во Солун.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1570/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

**483.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА - СКОПЈЕ**

1. Хаки Фазлиу се разрешува од функцијата директор на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства - Скопје, заклучно со 31 март 2004 година, поради престанок на Агенцијата со работа.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1431/1
13 април 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**484.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА - СКОПЈЕ**

1. Од функцијата претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства - Скопје, поради престанок на Агенцијата со работа, заклучно со 31 март 2004 година се разрешуваат:

а) претседателот:
- Киро Зрмановски,

б) членовите:
- Богољуб Јанковски,
- Менде Мицевски,
- Горан Анчевски,
- Зоран Васковски,
- Николче Трајчевски,
- Џелал Рамадани.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1432/1
13 април 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**485.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ПОД БР. 23-2196/2 ОД 25.05.1998 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ "ФЛАМИНГО" ЕЛЕКТРО УНИОН И ДРУГИ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ ШТО СЕ НАОЃА НА УЛ. "ДИМИТАР ВЛАХОВ" БР. 14 ОХРИД**

1. Во Лиценцата под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги "ФЛАМИНГО" Електро унион и други експорт-импорт

ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 2 наместо зборовите: ул. "Димитар Влахов" бр. 14 Охрид, треба да стои ул. "Македонски просветители" бб во Охрид.

2. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1541
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

**486.**

Врз основа на член 16 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 04.05.2004 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2004 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, обемот и локалитетите на кои ќе се вршат основните геолошки истражувања за 2004 година.

II

Средствата за финансирање на основните геолошки истражувања за 2004 година се утврдуваат во износ од 20.000.000,00 денари (дваесет милиони денари). Висината на средствата по одделни проекти што треба да се обезбедат се во зависност од степенот на истраженост, а се за потреба на Републиката и тоа:

- изработка на основна инженерско геолошка карта (ОИГХ), основна хидрогеолошка карта (ОХГК), и
- изработка на основна геолошка карта (ОГК-2) на Република Македонија кои се од интерес на Републиката.

III

Средствата за основните геолошки истражувања се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

IV

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе го врши Министерството за економија врз основа на договори со изведувачите согласно Прилог 1 кој е составен дел на оваа програма.

V

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1189/2
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

Прилог 1

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
ЗА 2004 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Основни геолошки истражувања | 20.000.000,00 ден. |
| 1. (а) - Основна инженерско геолошка (ОИГК) - лист Кратово, и (б) - Основна хидрогеолошка карта (ОХГК) - лист Кратово | 4.933.391,00 ден. |
| 2. (а) - Основна инженерско геолошка (ОИГК) - лист Кичево, и (б) - Основна хидрогеолошка карта (ОХГК) - лист Кичево | 4.500.000,00 ден. |
| 3. Основна геолошка карта (ОГК-2), руден реон Делчево-Пехчево-Берово | 6.300.000,00 ден. |
| 4. Проект за изработка на Основна геолошка карта (ОГК-2), во мерка 1:10 000 за лист Огражден-Беласица | 700.000,00 ден. |
| 5. Проект за изработка на детални геолошки истражувања за согледување на билансот на минералните води и гас СО2 во Пелагониската котлина | 700.000,00 ден. |
| 6. Рецензија на Основна инженерско геолошка карта (ОИГК) - лист Крушево | 600.000,00 ден. |
| 7. Рецензија на Основна хидрогеолошка карта (ОХГК) - лист Крушево | 600.000,00 ден. |
| 8. Финансирање на проектите од Програмата за основните геолошки истражувања од 2003 година | 1.666.609,00 ден. |

**487.**

Врз основа на член 8 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.05.2004 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2004 ГОДИНА

I

Средствата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2004 година во износ од 487.000.000,00 денари, обезбедени согласно член 1 програма 13 раздел 14001 потставка 443721 од Буџетот на Република Македонија и средствата во износ од 50.000.000,00 денари обезбедени согласно член 1 програма 16 раздел 14001 потставка 443721 од Буџетот на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 85/2003), ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за развој на растителното производство кај одделни видови земјоделски култури | 267.000.000,00 |
| | | |
| 2. | Финансиска поддршка за развој на сточарското производство | 183.000.000,00 |
| | | |
| 3. | Финансиска поддршка за земјоделски здруженија | 10.000.000,00 |
| | | |
| 4. | Финансиска поддршка за развој на водостопанството | 50.000.000,00 |
| | | |
| 5. | За довршување на започнати мерки и неподмирени обврски во 2003 година и за недоволно предвидени средства за поединечни мерки | 7.000.000,00 |
| | | |
| 6. | Општи мерки | 21.000.000,00 |
| | | |
| ВКУПНО: | | 537.000.000,00 |

II

Средствата од дел I точка 1 на оваа програма во износ од 267.000.000,00 ќе се користат за следните мерки:

| | РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО | |
|---|---|---|
| | ВИД НА МЕРКА | ВКУПНО ДЕНАРИ |
| | Поледелство | |
| 1.1. | Финансиска поддршка за производство на пченка | 88.000.000,00 |
| 1.2. | Финансиска поддршка за производство на јачмен за добиточна исхрана | 121.000.000,00 |
| 1.3. | Финансиска поддршка производство шеќерна репа | 3.200.000,00 |
| 1.4. | Финансиска поддршка производство сончоглед | 14.800.000,00 |
| 1.5. | Финансиска подршка за одржување на Ген банка | 1.000.000,00 |
| 1.6. | Финансиска поддршка за подигање на вештачки ливади и пасишта | 8.000.000,00 |
| | Лозарство и овоштарство | |
| 1.7. | Финансиска подршка за подигање на нови лозови насади со квалитетни вински сорти, подигање на нови овошни насади од круша и коскесто овошје (праска, кајсија, слива, вишна) и за подигање на нови насади ситно овошје (малина, капина, рибизла) | 30.000.000,00 |
| | ВКУПНО | 267.000.000,00 |

III

Средствата од дел I точка 2 на оваа програма во износ од 183.000.000,00 ќе се користат за следните мерки:

| | СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО | |
|---|---|---|
| | ВИД НА МЕРКА | ВКУПНО ДЕНАРИ |
| | Говедарство | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за одгледани и оценети крави во Елита I а и I класа | 4.500.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за крави од благородни раси за кои се води контрола на производните својства | 30.000.000,00 |
| | Овчарство и козарство | |
| 2.3. | Финансиска поддршка за набавени машки приплодни грла - репродуктори | 1.500.000,00 |
| 2.4. | Финасиска поддршка за одржување и зголемување на основното стадо овци | 100.000.000,00 |
| 2.5. | Финансиска поддршка за формирање на одгледувалишта за расата виртемберг | 1.000.000,00 |
| 2.6. | Финансиска поддршка за стада кози –мелези од расата алпина обележани и уматичени | 3.000.000,00 |
| | Свињарство | |
| 2.7. | Финансиска поддршка за основното стадо свињи | 30.000.000,00 |
| 2.8. | Финансиска поддршка за редовно работење на селекциски центри за свињарство - одгледани или продадени назимки и нерези | 1.000.000,00 |
| | - извршено В/О на свињи | 1.000.000,00 |
| 2.9. | Финансиска поддршка за одгледани и оценети свињи во Елита I а и I класа | 1.000.000,00 |
| | Рибарство | |
| 2.10. | Финансиска поддршка за порибување на отворени риболовни подрачја и риболовни ревири | 3.000.000,00 |
| | Пчеларство | |
| 2.11. | Финансиска поддршка за набавка на пчелни роеви | 2.000.000,00 |
| | Посебни мерки | |
| 2.12. | Финансиска поддршка за водење на матично книговодство, мониторинг и селекција во сточарството | 4.500.000,00 |
| 2.13. | Идентификација и колекционирање на автохтони видови домашни животни | 500.000,00 |
| | | |
| | ВКУПНО | 183.000.000,00 |

IV

Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за земјоделските здруженија во износ од 10.000.000,00 ќе се користат за постигнување на конкурентноста на земјоделските производи со зголемување на нивниот квалитет преку обезбедување на грантови со покривање на дел од трошоци во износ од 40% на планираната активност.

V

Средствата од дел I точка 4 за развој на водостопанството во износ од 50.000.000,00 денари ќе се користат за финансирање на изградбата и одржувањето на водостопански објекти за наводнување и одводнување, за изградба и одржување на објекти за заштита од штетно дејство на водите и за изготвување техничка документација за подобрување на режимот на водите. Средствата во износ од 50.000.000,00 денари ќе се распоредат за:

| | ВОДОСТОПАНСТВО | |
|---|---|---|
| | ВИД НА МЕРКА | ВКУПНО ДЕНАРИ |
| | | |
| 4.1. | Изградба и одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување | 35.000.000,00 |
| 4.2. | Изградба и одржување на објекти за заштита од штетно дејство на водите | 10.000.000,00 |
| 4.3. | Изготвување техничка документација за подобрување на режимот на водите | 5.000.000,00 |
| | ВКУПНО | 50.000.000,00 |

VI

Средствата од дел I точка 5 на оваа програма во износ од 7.000.000,00 ќе се користат за довршување на започнатите мерки и неподмирени обврски во 2003 година и за недоволно предвидени средства по одделни мерки во 2004 година.

VII

Средствата од дел I точка 6 на оваа програма во износ од 21.000.000,00 ќе се користат за следните мерки:

| | ОПШТИ МЕРКИ | |
|---|---|---|
| | ВИД НА МЕРКА | ВКУПНО ДЕНАРИ |
| | | |
| 6.1. | Образование и пропаганда во земјоделството | 2.000.000,00 |
| 6.2. | Поттикнување на развој на земјоделството во поранешните кризни региони | 10.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.3. | Финансиска поддршка за организирање на саемски изложби и манифестации | 2.000.000,00 |
| 6.4. | Финансиска поддршка за подготвување и реализирање на активности и мерки за Стратегијата за прилагодување на македонското земјоделство кон заедничката аграрна политика на ЕУ | 7.000.000,00 |
| | ВКУПНО | 21.000.000,00 |

VIII

1. Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на поднесени барања до министерството најдоцна до 15.11.2004 година.

Барања може да поднесат правните и физички лица кои податоците за своето производство го имаат пријавено до Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.07.2004 година.

Висината на финансиската поддршка од планираните мерки во деловите II и III од оваа програма (по грло или по хектар) ќе се утврди во зависност од обемот на пристигнатите барања по поедини мерки.

Некомплетните барања нема да се разгледуваат.

Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположивите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

2. Правата и обврските на корисниците на средства по оваа програма од дел I се утврдуваат на следниот начин:

а) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение поблиску ќе го определи начинот за остварување на правото за користење на средства за дел II точка 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., и 1.7., и за дел III точка 2.1., 2.2., 2.4., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9. и 2.11. и за дел VI точка 5.

б) со договор, што ќе го склучи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за дел II точка 1.5. и 1.6. дел III точка 2.3., 2.5., 2.10., 2.12. и 2.13., за дел IV точка 3, за дел В точка 4.1., 4.2. и 4.3. и за дел VII точка 6.1., 6.2., 6.3. и 6.4.

3. Надзор врз наменското користење на средствата од страна на корисниците врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

IX

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

X

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1490/1
4 мај 2004 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

**488.**

